# FOREVER

MACEDONIA

Октомври 2015 | Број 168

## ЗА НАС







посетете ја обновената www.foreverliving.com







НОВО!

## ESSENTIAL OILS



# Средба на Менаџери Орел во Канкун









Ова го пишувам по само неколку дена откако се одржа средбата на Менаџери Орел во Канкун.

Сè уште сум под импресии на тоа што го доживеавме во Канкун. Да се биде дел од најуспешните во Форевер Ливинг од цел свет, не е мала работа. А тоа го може секој што сака да излезе од зоната на комфор и е подготвен да го следи системот на Форевер. Сакам да ви го кажам следното: знам какво е нашето опкружување и секојдневие, НО во истото и јас живеам и работам. Ако сакате да барате изговори за вашата неактивност, секогаш ќе ги најдете. Ако пак сакате бидете дел од најуспешните во Форевер, поставете си цел и бидејќи сега е актуелна квалификацијата за Коста Наварино, Грција која ќе се одржи во септември 2016-та, СЕГА е вистинскиот момент. Ви посакувам УСПЕХ и се гледаме во Коста Наварино!

**Прим Д-р. Роза Гелевска**
**Менаџер Орел**

















# Откријте ја својата мотивација

Дали сте размислувале за она што ве мотивира? Како што можеби сте утврдиле во својот животен пат, мотивацијата не е вечна.Таа е нешто што човек треба да го распалува одново и да го открива секој ден – нешто кое доаѓа одвнатре и тоа често неочекувано. Кога ќе ја откриете мотивацијата, таа обично ве заплиснува како бран. Тогаш ви се раѓа чувство дека уште во тој миг треба да сте исклучителни и да правите исклучителни нешта. Исто така брзо како што ве заплиснува бранот, светот околу вас ви го одвлекува вниманието и понекогаш преовладува над мотивацијата. Ве уверувам дека и јас сум имал многу такви моменти.

Светот не запира да дрдори и да ни го одвлекува вниманието. Секоја минута во социјалните медиуми има нов популарен хаштаг. Преплавени сме со новинарски наслови за најновата катастрофа или полемика. Одете на Twitter или Facebook и измерете за колку време ќе се изгубите во бескрајно променливите разговори. Неверојатно е. Но тоа постојано движење напред-назад меѓу моменти на инспирација и загуба на мотивација е сосем нормално. Само треба да најдеме начин да ја откриваме мотивацијата секој ден. Зиг Зиглар рекол:

**„Луѓето често велат дека мотивацијата не трае. Истото е и со капењето – затоа се препорачува секој ден.“**

За да се спротивставам на незапирливите промени, јас лично наоѓам мир во размислувањата за тоа што мене ме движи напред. Вие можеби го откривате во очите на децата или пак на фитнес-тренажерот секое утро. Откаде и да доаѓа вашиот импулс, посветувајте му барем малку време секој ден. Оделувајте по неколку секунди за да се потопите во него, да го вратите мирот и да се инспирирате. Не дозволувајте да ве проголта метежот на светот, нека ве проголтаат мечтите!

Засекогаш Ваш,
**Rex Maughan**



**Претседател и главен генерален директор на ФЛП**

## СИЛАТА НА ПРЕЗЕНТАЦИИТЕ

Почитувани СОПСТВЕНИЦИ НА ФОРЕВЕР БИЗНИС,

Влегуваме во период на годината кој секогаш се одликувал со голема активност и желба од ваша страна за издигнување на повисоки нивоа во Маркетинг планот. Искрено веруваме дека многумина од вас си поставиле амбициозни цели и секој е свесен дека само вашата желба и способност да ги совладате чекорите на градењето на сопствен бизнис со Форевер ќе ви ги обезбедат посакуваните доходи и стил на живот. Да, сè започнува со секојдневна употреба на производите, вербата во нивните одлични својства и дејство, и споделувањето со сите околу вас. Овие активности се задолжителни за секој што сака да биде успешен со Форевер, но дали само тие се доволни? Одговорот е јасен – употребата на производите и споделувањето се неопходни, но недоволни за оние кои сакаат да изградат сериозен бизнис и тој да им носи постојано растечки доходи. Причината е дека бонусите во Форевер се засноваат на реалниот промет во тимот. А тим или мрежа во нашиот бизнис се градат не само со споделување на искуствата од производите, туку и со барање на луѓе кои сакаат да го променат животот, и НАЈВАЖНОТО – со редовни, добро подготвени презентации на можностите за бизнис, кои вие ги предлагате во партнерство со



Форевер. Колку ќе бидат ефективни тие за вас зависи само од тоа колку труд ќе вложите за нивната подготовка и спроведување.

Сè започнува со списокот со имиња, продолжува со повиците и поканите и завршува со претходно планирани презентации пред еден или повеќе потенцијални соработници. Или, ако треба да ви дадеме некаква формула за посериозен успех, таа би изгледала вака: 100-3-5. Што значат овие броеви? Еве што – 100 луѓе во списокот, 3 до 5 контакти секој ден, кои ќе доведат до 3 до 5 презентации секоја седмица, резултатот од нив ќе биде 3 до 5 нови соработници секој месец.

Започнете да работите така уште овој месец. Во следниот додадете уште 100 имиња во списокот и продолжете со останатите „3-5“ активности. А третиот месец? Се разбира, повторно 100-3-5. Ако сте последователни и упорни во спроведувањето на оваа „формула“ за успех, сигурни сме дека по 6 до 12 месеци не само вашиот живот, туку и животот на многумина сопственици на Форевер бизнис од вашиот тим ќе изгледа сосема поинаку.

Нема попогоден момент да ја започнете оваа промена од СЕГАШНИОТ. Излезете од зоната на комфор. Почнете да правите добро подготвени и организирани ПРЕЗЕНТАЦИИ секоја седмица, однапред погрижете се да присуствуваат повеќе луѓе, давајте добар пример на тимот со напорна, фокусирана и професионална работа и ќе успеете.

За пократок пат кон градење на доходовен бизнис со Форевер не се сеќаваме. Прашање на личен избор е дали ќе тргнете по него, но знајте дека секој е способен да го оствари. Поставете си амбициозни цели, уште сега почнете да работите здраво за нивно остварување и наскоро животот ќе ви биде подобар!

Рекс Мон кажа: „Има луѓе кои сонуваат, други живеат во реалноста, а трети ги претвораат соништата во реалност.“ Како? Секој месец 100-3-5 ;)))

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,

**Стефан и Тања Стаеви**

# Етерични масла Форевер

Од 1978 г. Форевер Ливинг Продактс ги пронаоѓа најчистите природни состојки од целиот свет и создава едни од најквалитетните производи на пазарот. Во соработка со тим од научници, фармери, арома терапевти и ботаничари, тимот на Форевер Ливинг го обиколи светот за да ги пронајде најдобрите растителни екстракти за создавање на своите етерични масла.

## Најчистите природни состојки

Етеричните масла Форевер се одбрани, одгледувани и произведени така што се гарантира нивниот највисок квалитет. Кога одлучувавме од каде ќе ги добиваме плодовите, билките и растенијата за етеричните масла на Форевер, ги имавме во предвид минералниот состав на почвата, климата, местоположбата и стабилноста. Откако ќе се собере внимателно одбраната реколта, од неа се извлекуваат етеричните масла основно преку парна дестилација и ладно пресување. Секое масло се добива од специфичен дел на растението-цветови, семиња, плодови, листови, па дури и од кори и корења. Кај секое масло технологијата за извлекување е различна. Крајниот резултат се најчистите растителни екстракти, одбрани специјално за вас.

## Моќта на сетилата и ароматерапијата

Човечките сетила имаат голема моќ и значително влијаат врз мислите, расположението и други мозочни функции. Со нивна помош ја прифаќаме средината во која се наоѓаме. Несомнено е дека сетилото за мирис е едно од најмоќните сетила. Мирисните рецептори на мозокот се клетки лоцирани во задниот дел на носната шуплина, директно поврзани со лимбичниот систем во мозокот, кој ги поддржува емоциите и меморијата.

Со оглед на моќта на сетилата, не е чудно што арома-терапијата е толку популарна.

Етеричните масла и мирисите се користеле од многу древни култури. Опишани се уште во I век како средство кое природно го поддржува телото, ги стимулира сетилата и им помага на луѓето да изгледаат и да се чувствуваат подобро.





# ЕТЕРИЧНИ МАСЛА ФОРЕВЕР. ЧИСТИ АРОМАТИ.

**Етеричните масла Форевер** вклучуваат три од најпопуларните аромати-мента, лимон и лаванда, како и три синергични мешавини.




## МЕНТА | 508

Етеричното масло од мента на Форевер е извлечено од растенијата кои се одгледувани на една иста фарма со генерации. Нивната природна содржина на ментол е повисока и дава уште подобар разладувачки и стимулирачки ефект.

**100% ЧИСТОТА**
**100% СВЕЖИНА**




## ЛИМОН | 507

Лимоните за етеричното масло на Форевер се берат со рака, кога се совршено зрели. Тогаш се посочни и од нив се извлекува етерично масло со највисок квалитет. Форевер Ливинг ви обезбедува 100% чисто природно масло од лимон за да ве разведри и даде енергија.

**100 % ЧИСТОТА**
**100% МОЌ**




## ЛАВАНДА | 506

Одгледувана во Бугарија поради идеалната клима и почва, лавандата за етеричното масло на Форевер содржи високо ниво на линалил ацетат, на што се должи слатката арома и високите нивоа на терпени. Форевер Ливинг ви обезбедува 100% чисто масло од лаванда за смирување, опуштање и одмор.

**100% ЧИСТОТА**
**100% СМИРУВА**

# ЕТЕРИЧНИ МАСЛА ФОРЕВЕР. МЕШАВИНИ

Мешавините од етерични масла на Форевер се создадени од внимателно одбрани аромати, искомбинирани во идеални пропорции за оптимално дејство. Состојките им се собрани од најдобрите извори ширум светот.




## ТОНИЗИРАЧКИ | 510

Тонизирачкиот микс од етерични масла Форевер е идеално балансирана композиција од најчистите каранфилче, портокал, цимет, рузмарин, темјан, еукалиптус и смрека, создадена да дава моќ и виталност.

**100% ЧИСТОТА**
**100% ЕНЕРГИЈА**




## СМИРУВАЧКИ | 511

Смирувачкиот микс од етерични масла на Форевер е иделно балансирана мешавина од најчистата дива мента, голтерија, камфор, иланг-иланг и камилица, создадена длабоко да продира и да смирува.

**100% ЧИСТОТА**
**100% РЕЛАКСАЦИЈА**




## БЛАГОТВОРЕН | 509

Благотворниот микс од етерични масла Форевер е идеално балансирана композиција од најчистите голтерија, лаванда, еукалиптус, коријандер, темјан, рузмарин, камилица, мента, босилок и оригано, создадена за хармонија, мир и релаксација.

**100% ЧИСТОТА**
**100% ХАРМОНИЈА**



## ОСНОВНО МАСЛО ФОРЕВЕР | 505

Основното масло на Форевер е патентирана мешавина од алое вера, витамини Е, А и С и природни масла без мирис. Во комбинација со етеричните масла на Форевер, основното масло дава уникатно миризливо доживување.







## ТРОЕН ПАКЕТ ФОРЕВЕР | 512

Троен пакет со примероци по 5 мл. од трите чисти аромати етерични масла-мента, лимон и лаванда. Почувствувајте го најдоборото од природата и изберете го вашиот омилен мирис.

## КОМПЛЕТ ЕТЕРИЧНИ МАСЛА ФОРЕВЕР | 513

Во целосниот комплет етерични масла Форевер ќе најдете по едно пакување од сите производи од серијата и ќе уживате во светот на ароматите.






## Претставување на бизнис можноста - Штип, 11.09.2015








## Претставување на бизнис можноста - Кочани, 12.09.2015





## Претставување на бизнис можноста - Скопје, 24.09.2015









# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СЕПТЕМВРИ 2015 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОР

Сарева Анастасија - Штип

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ајцева Милка –Дојран
2. Андоновски Верица – Штип
3. Ангелоска Марика - Охрид
4. Апостолов Зоранчо – Штип
5. Данилова Снежана – Кочани
6. Златков Софија – Кочани
7. Ибраими Арлинда – Скопје
8. Илијевска Драгана – Куманово
9. Јанева Даница – Мрзенци
10. Николоски Марина и Петре – Штип
11. Павлоска Лидија – Крушево
12. Павлова Марина – Штип
13. Петровска Македонка – Неготино
14. Постолова Славица - Радовиш

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Слафко Михајловски
2. Блага Крстеска
3. Др.Роза Гелевска
4. Катерина Трајчевска
5. Вера Златковска
6. Славица Донакова
7. Младен Димовски
8. Др.Снежана Контра
9. Дончо Ѓорѓиев
10. Стевица Димовска

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Младен Димовски
3. Вера Златковска
4. Стевица Димовска
5. Цонка Димитрова
6. Катерина Трајчевска
7. Дончо Ѓорѓиев
8. Слафко Михајловски
9. Зорка Малинова
10. Славица Донакова



**Први чекори до Менаџер**
цена 100 денари

**Претставување на бизнис можноста**
цена 80 денари




## Ве покануваме на 31.10.2015 во Хотел Порта на

**Претставување на бизнис можностите на Форевер, 14 часот**

**Предавач - Стефан Стаев, Country Manager**

**SUCCESS DAY, 17 часот**

## Претставување на бизнис можностите на Форевер

**Стумица - 16.10.2015,**
**Хотел Глигоров, 19 часот**

**Гевгелија - 17.10.2015,**
**Хотел Аполонија, 18 часот**

**Скопје - 20.10.2015,**
**Хотел Порта, 18 часот**

**Следете нѐ на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.